Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-та седница, одржана на ден 04.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-3031/1 од 19.06.2019 година, доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема основ за постапување по предметот со број 09-3031/1 од 19.06.2019 година, бидејќи лицето --------------, претседател на ОО на ------- од ------------не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-3031/1 од 19.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3031/1 од 19.06.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата во која има наводи за незаконито работење, незаконито влијание и постоење на непотизам при ангажирање на лицето ------------ Адвокат од -------------- во двете основни училишта во општина Ново Село, од страна на неговиот брат --------------, претседател на ОО на ----------- од ----------------.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека лицето --------------, како претседател на ОО на -------- од ---------- не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што Државната комисија нема доволно елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не се утврдени наводи кои упатуваат на непристрасно вршење на јавни овластувања и должности на службено лице ( избрано, именувано лице или пак лице вработено во јавен сектор) за остварување на приватен интерес.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**